СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

**Коалиција на младински организации СЕГА објавува**

**ПОВИК ЗА УЧЕСТВО**
**на ИНТЕРКУЛТУРНА РАЗМЕНА ВО ДЕТСКОТО СЕЛО ПЕСТАЛОЦИ**
**Троген, Швајцарија**

**Период на размена**: **04/02/2026 - 17/02/2026**

**Датум на поаѓање:** 03/02/2026

**Датум на враќање:** 18/02/2026

**Цел на размената:** Учесниците ќе се здобијат со знаења и вештини поврзани со правата на децата, со принципите на меѓукултурниот дијалог и комуникација, анти-дискриминација, меѓусебно разбирање, почитување и толеранција на вредностите помеѓу различните култури.

**Одговорности по завршување на интеркултурната размена**: Учесниците на размената задолжително треба да реализираат работилници за детски права, антидискриминација и заштита од врсничко насилство, наменети за децата од различните генерации од училиштето и активности од акционите планови креирани за време на размената. Учество во истражување за подигнати компетенции по размената согласно проектот „Промоција на безбедна училишна средина”.

Вкупното финансиско учество на учесниците за размената: **13.400,00 МКД**.
**Екскурзиите за време на размената **се вклучени** во оваа сума за финансиско учество.*

**Критериуми за учество:**

- Година на раѓање: **2008/2009**
- Валидна патна исправа (пасош) согласно новите правила за патни исправи и со рок на важност **не порано од 18.08.2026 година**
- Ученици кои посетуваат редовна настава во СОУ „Орде Чопела“ – Прилеп, СОУ „Ристе Ристески Ричко“ – Прилеп, СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе, СОУ „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија и СОУ „Гостивар“ - Гостивар.
- Предност ќе имаат учениците кои се активни, се дел од ученичката организација (ученичкиот совет), и имаат интерес и мотивација во вклучување во активности на врсничка едукација .
- Кандидати/ки кои не учествувале претходно на Интеркултурна размена во Детското село Песталоци

Сите заинтересирани кандидати потребно е да пополнат пријава на следниот линк **https://forms.office.com/e/UF0EJfJ2Ak** **најдоцна до 22 декември 2025 година, до 23:59 часот.**

*Селекцијата на учесници ќе се врши по пат на интервју со пријавените кандидати.*

*Доколку имате потреба од дополнителни информации контактирајте со назначените супервизори од Вашето училиште или на aplikacija@sega.org.mk*

СЕГА

Коалиција на младински организации

www.sega.org.mk

